Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 03.02.2024

На 02.02.2024 во 20.20 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.К.(30) од Куманово. Тој се сомничи дека се обидел да одземе патничко возило „застава" со кумановски регистарски ознаки, сопственост на М.Ј.(76) од Куманово. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.02.2024 во 21.40 часот во близина на с.Камењане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово – Полициско одделение Камењане го лишиле од слобода Ш.Ф.(28) од Гостивар. При преглед во возилото „порше" со гостиварски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени и одзмемени пиштол „Застава" калибар 7,62мм, рамка со куршуми, нож и други предмети кои потекнуваат од кривично дело. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.02.2024 во 18.15 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Р.А.(48) и С.А.(45), двајцата од Куманово. При преглед кај нив, кај С.А. биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја, бела грутчеста материја и други предмети. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.02.2024 во 16.40 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.Ј.(24) од с.Голема Речица, тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок

На 02.02.2024 во 18.30 часот на ул.„Паца Ванчова" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода П.Ж.(18), Ф.П.(20) и Б.К.(18), сите од Битола. При преглед кај нив, кај П.Ж. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.02.2024 во 12.15 часот на ул.„Панко Брашнаров" во Штип, полициски службеници од СВР Штип го привеле С.Р.(22) од штип. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Струмица за издржување на казната.

На 01.02.2024 во 20.20 часот на подрачје на Центар – Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Д.К.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена метална палка на расклопување. Против него ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (02.02.2024) продолжи со акциските контроли во областа на сообраќајот. Само на територијата на град Скопје изречени се вкупно 181 мерка, меѓу кои 33 санкции за непочитување на брзината на движење, осум мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за поминување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за користење на мобилен телефон при возење, 26 мерки за прекршоци што ги чинат пешаците...

На 03.02.2024 околу 02.40 часот во ОВР Струга било пријавено дека на ул.,,Партизанска" во Струга, патничко возило „фолксваген пасат" со охридски регистарски ознаки, управувано од Х.Н.(28) од Охрид, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила екипа од ОВР Струга.

На 02.02.2024 во 21.40 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Д.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Центар, Ј.А.(19) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Карпош, Г.С.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Бузев" бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2024 во 11.00 часот во струшкото село Корошишта, полициски службеници од ОВР Струга од слобода го лишија С.П.(48) од Струга. Тој бил баран со судска наредба издадена од Основен суд Струга за издржување на затворска казна. Лицето е спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струга за издржување на казната.

На 02.02.2024, при претрес, извршен по судска наредба во домот на М.Б.(30) од Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид пронајдоа и одзедоа марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Вчера и денеска (2/3 февруари) од 22.00 до 04.00 часот, Секторот за внатрешни работи Тетово спроведе акциска контрола на возачите - дали и колку од нив ги управуваат возилата под дејство на алкохол. При контролата откриени и санкционирани се вкупно 18 возачи (ТЕ-14 и ГВ-4) кои ги управувале возилата под дејство на алкохол, од кои кај најголемиот број (10) биле измерени до еден промил алкохол во крвта, а кај 2(ТЕ) до два промили. Сите возачи - прекршители веднаш се исклучени од сообраќај, на 13 времено им се одземени возачките дозволи и изготвени им се соодветни поднесоци со парични глоби кои за овој вид прекршок согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, се движат од 225 до 375 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, биле санкционирани и 29 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-16 и ГВ-13).

Во текот на изминатата вечер (02/03.01.2024) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 14 возачи од кои 9 во Битола, 4 во Прилеп, еден Македонски Брод, а откриени биле и 13 останати прекршоци.

На 02/03.02.2024 од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 10 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-06, Струга-03, Кичево-01). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 02.02.2024 во 16.25 часот на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош го привеле А.П.(41) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија и претходно оштетил стакло од деловен објект и едно патничко возило. Тој е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2024 во 00.55 часот на подрачје на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.А.(25) и Ф.Р.(32), двајцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По документирање на случајот на двајцата ќе им бидат поднесени соодветни пријави.

На 03.02.2024 во 01.00 часот во Полициската станица Драчево, З.А.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов" бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2024 во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода двајца малолетници од Тетово поради сомнение дека претходно во Тетово физички нападнале друг малолетник од Тетово, при што употребиле и тврд предмет. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.02.2024 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Центар – Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Т.(59) и В.В.(48), двајцата од Скопје. По документирање на случајот, против двајцата ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2024 во 22.50 часот во СВР Скопје, Р.Д.(45) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на подрачје на Центар – Скопје неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.02.2024 во 00.50 часот во Полициската станица Драчево, И.П.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов"бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, Н.А.(43) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на подрачје на Бит Пазар неговиот малолетен син бил физички нападнат од нивниот сосед Ф.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.02.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, Н.П.(41) од Скопје пријавил дека околу 15.30 часот во влез од зграда во која живее на подрачје на Кисела Вода бил физички нападнат од неговиот сосед Д.Д.. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.02.2024 во СВР Скопје, А.Г.(44) од Скопје пријавил дека на 01.02.2024 околу 14.00 часот на подрачје на Кисела Вода бил физички нападнат од Б.Д.. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.02.2024 во 10.45 часот во Полициската станица Велес, М.М.(23) од село Долно Караслари, велешко, пријавила дека во двор на средно училиште во Велес нејзиниот малолетен брат бил каснат од куче скитник.

На 02.02.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.И.(58) и З.И.(61), двајцата од Скопје. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2024 околу 22.00 часот на подрачје на Чаир – Скопје, полициски службеници од СВР Скопје се доближиле до патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал А.Е., да извршат легитимирање на лицата во возилото. Притоа, возачот го стартувал возилото и удрил еден полициските службеници, по што полициски службеници испукале два куршуми. Набргу, возилото застанало, а лицата го напуштиле местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2024 во ОВР Берово, В.С. пријавила дека на 01.02.2024 во средно училиште во Берово, малолетник од пехчевско, со кого претходно нејзината малолетна ќерка била во врска, упатил закани со остар предмет на нејзината ќерка. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2024 во 21.40 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека на ул. „Славејко Арсов" настанал пожар во куќа сопственост на Б.С.. Пожарот бил изгаснат од екипа Територијалната противпожарна единица Ресен, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 02.02.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, од Казнено – поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека осуденикот И.М.(31) се обидел да се побегне од установата, но бил спречен од вработените, при што физички нападнал еден од нив. По документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 01.02.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Центар, Љ.П.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Столтенбергова" бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет